**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,12 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зошто наскоро почнуваме со продолжениeто на седницата.

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 76-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фадил Сулејмани, Љубчо Георгиевски, Панче Дамески, Петар Поп Арсов, Фијат Цановски, Данаил Дончев, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Неждет Мустафа, Радмила Шекеринска, Тале Герамитчиоски, Али Ахмени, Фазли Велију, Садула Дураки, Агрон Буџаку ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог на закон за земјоделство и рурален развој**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, нема претставник од Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, се извинувам, јавено ни е дека секој момент ќе стигне. Се чини дека ние го претекнавме.

Еве пристигна министерот.

Повелете.

**Ацо Киров:** Еве јас ќе продолжам таму каде што застанав синоќа и ќе се потрудам да бидам пократок. Во мојата дискусија од синоќа беше општа и една ретроспектива за Законот за земјоделство и рурален развој, сега ќе се осврнам конкретно на неколку членови на овој закон, за членови кои придонесуваат за подобрување на законот или според мое мислење членови кои што требаше да претрпат некои измени.

Како што реков во вчерашната дискусија овој закон е многу битен, Законот за земјоделство и рурален развој и затоа и во првата фаза го подржавме и еве и во втората фаза јас ќе го подржам законот и покрај одредени недостатоци со кои што не се согласуваме со министерот односно со предлагачот, како што реков ние ќе го подржиме.

Тоа е закон кој што ги утврдува целите на земјоделската политика и политиката на руралниот развој со кој што се овозможува обезбедување на стабилмно и крвалитетно производство, зголемување на конкурентната способност, обезбедување на стабилно ниво на доход итн. Тоа се целите, целите на овој закон и во спроведувањето на тие цели имаме донесување на Национална стратегија и Национална програма.

Околу годините што беа за Националната стратегија и програма вчера по амандманската расправа дискутиравме и една од забелешките која беше во првата фаза, за годините, вчера беше прифатено скратувањето на роковите за Националната стратегија и за Националната програма.

Владата во овој закон има акти односно донесува акти на предлог на Министерството со кои се уредуваат пазарите на земјоделските производи и акти кои се однесуваат на руралниот развој. Вие овде во неколку алинеи во член 7 и член 8 се утврдени и можам да кажам дека се прифатливи односно добро се испланирани и дадени за унапредување на земјоделието.

Една од поголемите забелешки кои што ги имамвме и ги имаме по овој Предлог закон се однесува на член 10 за кој што дискутиравме вчера повеќе пратеници, а Предлог законот остана таков каков што е односно како што е даден членот, со амандман ние не успеавме да го измениме, а се однесуваше за Советот за кој сакавме поголемо учество да дадеме на локалната самоуправа или члнови кои што членуваат во овој Совет да доаѓаат од локалната самоуправа. Иако имавме одредени недоразбирања со колеги пратеници од парламентарното мнозинство кои што ја насочуваа нашата дискусија во сосема спротивна насока, а не за тоа што беше нашата цел, односно беше кажано дека од нивна страна, односно од еден пратеник колега, дека ние целиме овие членови да бидат претставници од страна на градоначалниците, што не беше точно, ние ценевме дека треба да дојдат од локалната самоуправа, пак да ги задржиме експертите од стопанските комори, од здруженијата, од потрошувачите и од другите членови кои што се дадени со овој Предлог закон.

За директните плаќања за кои што имавме забелешка и инсистиравме од Буџетот на Република Македонија се слеат средства во Агнецијата за финансирање која што ќе биде главна, таканаречена каса во сферата на земјоделието кое што ќе ги прима односно која што ќе располага со средствата од Европската унија за земјоделие и за рурален развој и моето инсистирање беше оваа Агенција да се надополни со средства од Буџетот кои што ќе бидат за посиромашната класа земјдлеци кои што не можат да бидат во оној ранг и никогш нема да го достигнат рангот на земјоделските стопанства и физички лица односно земјоделци, инвидуалните земјоделци кои што располагаат со поголем капитал и кои што ќе можат да конкурираат за овие директни субвенции од

страна на државата односно тоа се колку што разбрав од министерот и колку што читаме овде парични средства од Европската унија.

Овде беше изрично кажано од страна на минстрот дека така треба да биде, односно така инсистира Европската унија и не може тоа да се промени иако како што кажав јас во вчерашната дискусија мислам дека треба и не отстапувам од тоа да го променам мислењето дека не треба да се финансираат, односно да успееме посиромашните земјоделци, оние кои што немаат толку голем капитал да им овозможиме полека и тие да прераснат со одредено субвенционирање да дојдат до некоја средна класа, односно да можат, како еден мост, за доближување до оние малку поголемите стопанства, земјодлски стопанства кои што ќе конкурираат, што ќе ги црпат тие средства од Европската унија.

За тоа, што имаме дадено, почитуван министре, во овој Предлог закон, за интервенција кај цените, за помош, за складирање итн, тоа е во ред, го поддржуваме и така би требало да се продолжи, но само да нема, во некој иден период, да дојде до одредени нарушувања на односите спрема одредни поединци земјоделци или спрема некои земјоделски стопанства односно сите да ги третираме исто околу субвенционирањето, пред се, тоа се однесува за скалдирање на земјоделските производи за повлекување на производи од пазарот, а сето тоа е за еден стабилен пазар на земјоделски производи, за да не дојде до нарушувње односно да не дојде до превисоки цени, да не дојде и до прениски цени.

Единствена замерка околу ова ми е да минималната цена според која треба да се придржуваат откупувачите мислам дека треба да биде како минимална цена која ќе ја одреди, бидејќи Владата односно Министерството овде често се појавува како индикатор на се, затоа мое мислење беше дека една минимална цена на земјоделските производи требаше да ја одредува Министерството за земјоделие, да имаме минимална цена за која треба да се придржуваат откупувачите, а актите и начинот ќе го утврдува Министерството за земјоделие.

Понатаму би сакал да говорам околу стандардите на земјоделските производи, декларации, стандарди, потекло, ознаки, итн. во овој Предлог закон е дадено мислам така како што треба да биде и добро е, според европските стандарди, останува на производителите на земјоделски производи да се придржуваат на сите овие стандарди кои што ги имаме дадено, иако и овде имавме дадено мали забелешки околу стандардизацијата на прописите што ни ги даваат за индустриска сопственост да бидат детерминирани со европската регулатива.

И на крајот што би сакал да кажам, јас тоа го кажав и кога беше прва фаза околу стандардизацијата односно механизацијата на земјоделските машини кои што треба да ги исполнуваат стандардите, мое мислење е дека овде премногу се бара во моментот за стандардизација или техничка опременост на земјоделските производители иако јас тоа го сфаќам дека тоа треба така да биде за да се усогласи со европските стандарди, но сепак, почитуван министре, мислам дека кај нас ќе треба еден добар временски малку подолг период да помине за да дојдеме до тие стандарди кои што ни ги бара Европската унија. Јас мислам дека ваќа ќе тераме еден подолг период, барем во наредните десетина години дека тешко ќе ги достигнеме овие стандарди, но ние пратениците во оваа сала треба да го подржиме овој закон и треба да го донесеме што побрзо за да дојдеме побрзо до парите односно средствата кои што ни следуваат од Европската унија за да го развиваме како земјоделието така и економскиот развој во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

На ред за збор сега е госпоѓа Верица Филипова, но таа е отсутна.

Според тоа бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи имаме доволен број пратеници, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 гласале за, воздржано 1 против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за земјоделство и рурален развој.

**Минуваме на точката 8: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радиоакциона сигурност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Накратко би сакал да ги објаснам причинтие и целите поради кои се донесува овој закон.

Значи, со Законот за заштита од јонизирачкото зрачење и радијациона сигурност, кој што беше објавен во Службен весник во 2002 година се уредува системот на контрола на сите извори на јонизирачко зрачење, како и заштита на населението и околината од изложеност, или потенцијална изложеност на јонизирачко зрачење.

Донесувањето на овој закон е предвидено во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, има за цел даовозможи исполнување на барањата од страна на Република Македонија за членство во Европската унија.

Конкретно би сакал да напомнам дека со предложените одредби од Законот се врши усогласување со некои од прописите, поточно последните прописи од Европската унија, а тоа се директивите од 13 мај 1996 година, директивите од 30 јуни 1997 година, директивите од 27 ноември 1989 година и тн.

Она што во моментот кои се причините поради кои се менува е моменталната поставеност на одредени недостатоци кои што се увидоа во функционирањето на Дирекцијата за радијациона сигурност и овие недостатоци се опфатени во следниве аспекти: тоа е недоволна опфатеност на пресекот на уредување на овој Закон и неопфатеност на целите на Законот, неусогласеност на дефинициите и поимите кои се употребени во Законот, со соодветни дефиниции во директивите од Еуроатом и од стандардите кои што ги пропишува Меѓународната агенција за атмоска енергија, неопределено со статусот и непрецизност во дефинирање на надлежностите на Дирекцијата за радијациона сигурност и недефиниран начин на формирање на Комисијата и тн.

Основната цел која што практично треба да се постигне со донесувањето на овој закон е да се воспостави систем на соодветна контрола на јонизирачкото зрачење во Република Македонија и да се обезбеди заштита на населението и животната средина од штетните влијанија на јонизирачкото зрачење и да овозможи спроведување на сите обврски кои што Република Македонија ги има преземено согласно ратификуваните меѓународни договори.

Дополнителни цели кои што очекуваме дека ќе се постигнат со усвојувањето од страна на Парламентот на овој закон е, како што веќе напоменав, усогласеност на дефинициите кои што се употребуваат во Законот со соодветните дефиниции во директивите на Еуроатом, да се обезбеди статутот и допрецизираат надлежностите на Дирекцијата за радијационата сигурност, да се овозможи формирање и отпочнување на работа на Комисијата за радијациона сигурност, да се допрецизираат условите за добивање дозвола за вршење на дејност со јнизирачко зрачење, да се пропише законска основа за донесување на подзаконски акти неопходни, кои што се за спроведување на овој закон и да се обезбеди координирана едукација на лицата кои што се потенцијално изложени на некои извори на јонизирачко зрачење. Согласно овие измени, директорот на Агенцијата за радијациона сигурност ќе биде овластен да донесе дополнителни подзаконски прописи кои што се наведени во образложението и поделени се на пратениците, значи вкупно околу 21 пропис. Јас би набројал некои од нив, како што се критериуми во однос на просторни услови на објектите, материјално техничка опрема и стручниот кадар на овластените технички сервиси кои што се дефинирани во одреден член и на Законот, да се дефинираат видовите на обуки, содржината на програмата за обука на одговорните лица во радијационата заштита, формата и содржината на образецот, содржина на програмата за радијациона заштита, граници на изложеност на јонизирачко зрачење, критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење и тн. да не ги набројувам сите.

Како што можете да видите, станува збор за закон кој што вака навидум е краток и затоа се предлага по скратена постапка да се усвои, меѓутоа и целосно соодветствува со препораките кои што практично сме се обврзлае да ги прифатиме од страна на Европската унија. Се надевам дека Парламентот во текот на расправата ќе може да истакне некои конструктивни аргументи. Ние имаме и дел на амандмани кои што сме спремни да ги прифатиме, затоа што сметаме дека имаат издржана основа, така да тоа би било на кратко. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Никола Ќуркчиев, повелете имате збор.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседател на Собранието, дами и господа пратеници.

Со овој закон требаше да се уредат и утврдат основните безбедносни стандарди за заштита на здравјето на работниците и населението од опасностите предизвикани од јонизирачка радијација.

Стариот Закон кој што беше донесен во јуни 2002 година не ја имплементира директивата на Евроатом 96-29 и оваа втора шанса повторно Владата на Република Македонија, не знам ни самиот зошто, веројатно некој ќе ни објасни од предлагачите, повторно ја пропушта и оваа базична директива која што важи во Република Македонија, повторно по втор пат, некој не сака да ја имплементира во законот. Со сиот ризик дека предлагачот на законот, можеби нема правилно да ме разбере, ќе си дозволам да дадам мое видување по предложениот закон. И покрај моето се разбира скромно познавање на оваа проблематика, меѓутоа верувам дека кај секој кој што имал можност да го прочита Предлог-законот, особено директивата 96-29 Евроатом на Советот на Европската унија од 13 мај 1996 година за утврдување на основните безбедносни стандарди.

Почитувани колеги генерално сметам дека Предлогот е изработен крајно нестручно, некомпетентно и неквалитетно. Верувајте ми дека за прв пат ќе изговорам ваква реченица, меѓутоа ако ваквиот закон помине, истиот мислам дека лесно може да биде предмет на потсмев во Европската унија, а за нас во Република Македонија ќе биде извор на проблеми за една

сериозна и пред се опасна материја која се регулира.

Ќе се обидам да дадам неколку аргументи во врска со овој Предлог-закон, зошто ценам дека навистина е лошо подготвен.

Првата потврда за неквалитетен владин предлог е поглавјето со општите одредби. Ако една од причините за вршење на измени на Законот беше хармонизација со европското законодавство, истото требаше да се стори уште во одредбите за подрачјето на примена на овој закон и неговите цели. Хармонизација во владиниот предхог во тој контекст апсолутно не е направена и исто така фали член, можеби базичен за исклучување на одредбите на законот, што всушност би требало да биде уште еден сегмент за хармонизација со европското законодавство. Со оглед на тоа што директивите за основни стандарди се ревидирани со директивата 84-467 Евроатом треба да се укинат, се разбира, со важност од датумот кога директивата 96-29 ќње почне да се применува. Зошто предлагачот на законот инсистирал оваа директива да не се применува, навистина не ми е јасно.

Уште една потврда дека предлагачот на овој закон воопшто не ги следел меѓународните конвенции, договори, како и примери од законодавството во другите држави, пред се европските, е непостоењето на одредба за забрани во делот и во дадениот владин предлог. Дали ќе се работи за забрана за нуклеарни проби, забрана за збогатување на ураниум, како пример и за државите кои имаат нуклеарна пред се енергетика, тука и во оваа група мора да спаѓаат и спаѓаат и ненуклеарните држави како што е Република Македонија и мора согласно истите конвенции или договори кои ги имаат потпишано да декларираат спремност и вклучување во спречувањето на ширење на нуклеарното оружје како заштита на својата територија од нуклеарен отпад по потекло од други држави.

Меѓутоа Република Македонија иако има илјадници тони опасен отпад, навистина никој не се грижи за таа работа.

Сакам да кажам збор два и за дефинициите, иако се или треба да бидат база во овој закон, многу дефиниции фалат, од друга страна пак на повеќе места постои дуплирање, на пример почитуван заменик министер велите дозвола, користите термин дозвола или лиценца, што всушност, за мене претставува исто. Меѓутоа, за повеќето дефиниции, навистина, не треба да стане збор дали се правилни или погрешни. Доволно е човек да ја прочита директивата 96-29 и да види дека навистина се погрешно напишани.

Во тој поглед, навистина, се обидовме да дадеме предлози, но ова подрачје верувајте бара уште многу работа, пред се стручна, сериозна работа, а заради немањето нормално, на доволно време, ниту ние пратениците не успеавме макар и индивидуално ако седневнме со постручни луѓе, кои што ја знаат многу подобро од нас оваа материја да подебатираме за проблематичните решенија понудени во овој закон и евентуално, прецизно да понудиме алтернатива.

Затоа мислам дека предлагачот на овој закон, со предлогот што го изготвил не исполнува можеби едно од суштинските цели на законот, а тоа е да се постигне усогласеност на дефинициите и поимите употребени во истиот, со соодветните дефиниции и поими од директивите на Евроатом и со стандардите на Меѓународната агенција за атомска енергија.

Во второто поглавје, каде што се зборува за надлежен орган, зборавени се сите други државни органи. Како да постои само Министерството за здравство. Кои навистина можеби имаат мала надлежност во некои сегменти, или дејности, или активности со извори на зрачење, но сепак, во овој закон ќе мора да признаете мора да бидат опфатени макар со еден член. Меѓутоа, тоа не е направено. Пред се, тука мислам на Министерството за транспорт и врски, кој согласно Законот за превоз на опасни материи мораше да биде спомнат, Министерството за внатрешни работи во проценките на заканите по безбедноста и нелегалните активности во Република Македонија и слично, Центарот за управување со кризи, чија што надлежност за кризни состојби е пред се, вклучувајќи и нуклеарни и радијациони и слични состојби. И ако се земе предвид дека Република Македонија навистина, повеќе пати нагласувам, дека има илјадници тони опасен отпад, за кој апсолутно никој не води сметка, особено надлежните институции, ќе беше добро, да се донесе овој закон, кој ќе помогнеше одредени состојби да се средат, а не вака работите да бидат оставени и да имаме ситуација во која што само Господ не чува, или тој можеби ни помага. Ако треба да знаеме дека договорот за основање на Европската заедница за атомска енергија, особено членот 30, кој бара секоја земја да утврди соодветни одредби, без разлика дали ќе бидат со законска регулатива, или пак административна акција за почитување на основните стандарди на заштита. Меѓутоа и тоа не е направено. Согласно директивата на Европската унија секоја држава треба да биде и да даде, да направи определен независен државен орган, кој повторувам, треба да биде независен. Таквата дирекција кај нас постои од мај 2005 година. Меѓутоа, што се однесува до одредбите на овој Предлог-закон наменети за Дирекцијата за радијациона сигурност, токму тука во нив се испревртено и измешано, не како што кажа заменикот министер, дека се дефинираат работите, туку напротив, ништо апсолутно не е јасно, без разлика дали се работи за статусот, или пак за надлежностите на оваа Дирекција. Се гледа дека под сосема нејасни околности почитуван министер и причини, останала старата конструкција или фраза во Законот дека за вршење на управните и стручните работи од областа на радијационата заштита, така гласи

реченицата во законот, меутоа сите знаеме дека не постојат само стручни и управни, туку постојат и административни да речеме работи, кои што се многу важни, токму во оваа област.

Забелешката ја давам затоа што јасно е дека стручните работи мора и си ги вршат институциите, факултетите, заводите во Република Македонија, а најмногу и најдобро за наши услови сите знаеме дека е опремен како со инструменти, така и со кадар, Републичкиот завод за здравствена заштита.

Под стручни работи под радијационата заштита се подразбираат најразлични видови на мерење. Мониторинзи, проценки, анализи и други работи, кои овој Предлог-закон би требало, но ни од далеку не ги ни претпоставува во својата суштина во делот на надлежностите на Дирекцијата и повторено, велам, се оставени нејасни двосмислени надлежности. Ќе дадам еден пример, велите дека ги утврдува интервентните нивоа и услови за радијациона заштита и сигурност. Тоа значи дека Дирекцијата кога сака, и како сака може да донесе подзаконски акт. Вие велите дека треба да се донесат 21 подзаконски акт за утврдување на условите на радијационата заштита, со кои што ќе се анулираат условите предвидени со постојниот Закон, ќе се анулираат некои понатамошни, идни предлози, определени, подзаконски акции и тн. донесени од други министерства. Со еден збор, навистина се остава простор за еден правен хаос и воопшто хаос во решенијата што треба да ги носи Дирекцијата.

Исто така, во надлежностите на Дирекцијата нема одредба дека Дирекцијата ги донесува подзаконските акти за одредени подрачја, а за други подготвува пак предлог.

Знам дека е многу смешно и добар дел на колегите, претпоставувам дека кои што го читаат законот, сигурно се насмејаа, меѓутоа, и тоа е возможно. И тоа го има во законот. Особено во членот 26-д стои: “Се овластува директорот да ги донесе подзаконските акти” за кои што заменик министре велите дека се 21 и јас навистина не сум правник, но ми изгледа многу чудно целата формулација. Замислете и тоа е можно да се случи. А можно е на место на директор да дојде некој кој што е крајно нестручен, некомпетентен со законска одредба која што ја дава законот дека може да направи што сака. Тоа значи, толерирање на фирми кои вршат детекција на зрачењето и издавање на сертификати за извоз без таква детекција всушност да биде извршена. Тоа не значи ништо друго, туку само брука и за државата.

Ако се земе предвид дека Дирекцијата, односно директорот на Дирекцијата ги има, дозволете ми да цитирам, следниве обврски. На барање на Дирекцијата за храна или Царинска управа, Дирекцијата за радијациона сигурност е должна да изврши службена контрола и постапки согласно своите надлежности. Редовно на Царинската управа да доставува список на институции кои поседуваат дозвола за увоз, извоз, или транзит на радиоактивни извори. Навремено да го ажурира списокот и да организира курсеви за радијациона заштита на царинските работници, службеници, одредени од Царинската управа да дава дополнителна стручна помош во рамките на своите надлежности. Да врши надзор на функционалноста на стационираната и мобилна опрема за детектирање на јонизирачко зрачење на граничните премини и терминали, а дали навистина се опремени знаеме сите. Да изврши надзор над статичките и фиксните детектори на јонизирачкото зрачење на граничните премини, со цел да утврди дали истите се ставени во употреба, ги има и дали се навистина во функција.

Од друга страна пак, членот 4 кој се однесува на директорот на Дирекцијата во предложеното законско решение стои или дополнете ме, цитирам, го именува и го разрешува Владата на Република Македонија. За жал, никаде до сега не сум сретнал да речеме, некој термин, или некој да биде назначуван и именуван од страна на Владата. За ваква стручна и одговорна работа, никаде нема никакви стручни, професионални критериуми, никаде нема услов за претходно некакво искуство, ниту пак мандат, постапка за рзрешување, или пак за заменување или именување.

Значи, од тоа што навистина, треба да го има при именување на директорот, апсолутно нема ништо.

Во Република Македонија ако ништо друго имаме определено искуство и ние често пати овде во Парламентот знаеме да расправаме дали директорот има вакво образование или онакво, дали има толку години работно искуство или пак да има некакви други квалификации, значи се формираат доста агенции и дирекции. Меѓутоа, во сите тие закони кои ги донесувавме одредбите, голем дел од пратениците, бараат да бидат прецизни, што не е случај се разбира овде. Ако ги видиме споредбено светските искуства за таков вид на државни органи, се бара стручна подготовка од областа на нуклеарната физика, во делот на медицинската физика, реакторната физика, радиохемијата и слично и со најмалку дополнително пет годинишно работно искуство. Еве, да го земеме примерот само на Република Бугарија каде што работното искуство мора да биде најмалку 10 години. Единствено во Република Македонија не е потребно такво нешто. Ова е навистина интересно, меѓутоа, еве ќе ви дадам уште еден пример зошто навистина овој закон не заслужува да ја добие довербата на пратениците и ве молам за мал коментар после ова.

Примерот се однесува на тоа каков однос има министерот за здравство и директорот на Дирекцијата во врска со оваа проблематика. Претпоставувам дека ниту го виделе законот ниту го прочитале. Добро ќе беше некој од нив да биде денес тука. Замислете, директорот на

Дирекцијата за радијациона сигурност господинот Румен Стаменов, заедно со министерот за здравство господинот Имер Селмани потпишале акт во кој што велат, цитирам: “за радиоактивни извори на кои”, и тоа потпишан оваа година, “на кои што им се забранува увоз од страна на инспекторите за јонизирачко зрачење ако увозникот достави писмено барање и докази до сите служби дека не може да се врати тој радиоактивен отпад назад во земјата од каде што доаѓа”, значи од извозникот, “истите ќе се складираат во националното складиште или во друг привремен склад со одобрение од Дирекцијата за радијациона сигурност”. Знаете што значи ова, да потпише министер и директор на Дирекцијата? Ова значи македониј да стане отпад, да биде земја на радиоактивен отпад. Како е можно ова некој да го потпише, ве молам, и тоа да го ставите на Диркцијата. Ова е нонсенс, ова е невозможно, меѓутоа е вистинито.

Третата цел почитуван заменик министер и недефиниранит начин за формирањето на комисијата за која што и вие кажавте збор два за радијациона сигурност и нормално раритетот ставен во него и предложен во ова Собрание, во која ниту е дефинирано како и на кој начин, ниту е кажано јасно кој мандат ќе го има таа Комисија, ниту пак верувајте кои надлежности, а вие зборувавте токму за тоа. Но едно е јасно дека Комисијата, кој друг ако не директорот, да ја формира, зарем е можно? Е можно е во Законот, во овој закон и тоа е можно. Ако остане навистина ова решение и се формира една таква комисија која само според мене ќе го оптоварува Буџетот и ќе носи предлози и мислења кои ќе бидат многу слични по квалитет и квантитет како и директорот, што верувам дека сите ќе се согласиме дека не е добро, и зошто јас мислам дека не е добро ова да биде така. Затоа што цел на Комисијата за радијациона сигурност, согласно стандардот на меѓународната агенција за атомска агенција ГСГ1, точка 5 е да биде експертска во технички прашања од најразлични области, било како што веќе спомнав од нуклеарната медицинска физика, било да е од радиотераписката физика, било нуклеарната енергија, ренгенска дијагностика итн. Таков тип на експерти почитуван заменик министер нема многу во Министерството. И оние министерства кои што ги спомнавте, ниту во Министерството за здравство, ниту во Министерство за внатрешни работи, ниту во Министерството за транспорт и врски, ниту пак во Агенцијата и затоа спорд примерите од другите држави во ваква Комисија членуваат и ја сочинуваат членови од разно-разни институти, факултети, професионални здруженија, медицински физичари, стручњаци по нуклеарна медицина итн.

Но да не должам многу, да завршам. Во предлогот е ставено и ново поглавје дека овластени стручни технички сервиси и правни лица за вршење на деконтаминација - ќе зборувам малку повеќе кога ќе бидат амандманите. Навистина многу нејасни услови, апсолутно недефиниран кадар и Националното биро за издавање на акредитација сигурно ќе биде збунето од ваквиот предлог. Ако сите знаеме дека акредитацијата трае две години, а лиценцата се издава на три години со оваа работа, нормално ќе не зачуди сите нас зошто е дефинирање на сервисот за деконтаминација, бидејќи немаме нуклеарни апликации кои можат да предизвикаат натамошна контаминација на земјиштето, водата, воздухот и слично, дали се планира, би сакал да прашам дали Република Македонија планира некој интервентен увоз на нуклеарен отпад или која е причината, ако се мисли можеби за вонредни и кризни состојби, колку што мене ми е познато, Дирекцијата за заштита и спасување треба да формира таков тип на служби и такви тимови за кои ние определивме пари во Буџетот, а не тоа да биде во Дирекцијата. Ако е така, навистина нема потреба тогаш од доплирање на работите и навистина можеби ова за многумина не е интересна тема, почитувани колеги пратеници еве јас завршувам и почитуван заменик министер, меѓутоа, морам да признам, и верувајте дека навистина искрено сето ова сакав да биде кажано, сакам да признаам дека вака лошиот конципиран, структуиран закон не може или многу е тешко да се корегира, но сепак, јас и колегите од СДСМ одлучивме доколку предлагачот не го повлече предлогот, да го подобриме со поднесување амандмани на истиот и да дадеме еден скромен придонес кон подобрување со тие 30-тина амандмани кои што ги поднесовме. Се надевам дека предлагачот внимателно ќе ги разгледа или веќе ги разгледал и дека најголем дел од нив ќе бидат прифатени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот заменик министер за здравство господинот Владимир Лазаревик, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Би скал да му се заблагодарам на господинот Ќуркчиев за вака опсежното да речеме експозе во делот на овој закон, а и на некој начин за придонесот кој што го дадоа како во делот на критиката, меѓутоа и во делот на амандманите кои што се доставени до предлагачот, поточно до Собранието, и на кој што ние сериозно ги разгледувавме и ќе се потрудиме дел од нив и да ги усвоиме.

Би сакал да кажам неколку работи во врска со законот заради тоа што ова често пати во минативе неколку месеци е предмет на дискусија, дали во делот на професионалните кругови, меѓутоа исто така и во рамките на Владата и во рамките на Министерството, во Агенцијата, во Дирекцијата за радијациона сигурност. Тоа што би сакал да го потенцирам е дека во подготовката на овој закон учествуваа сите експерти кои што Република Македонија ги има во овој момент и кој што практично се спремни да одговорат на потребите кои што ги бара дирктивите од Европската унија, меѓутоа и тоа

што ние сметаме како Влада дека треба да се донесат.

Овој закон не е точно дека министерот за здравство или дека директорот на Дирекцијата го немаат прочитано. Напротив направени се повеќе состаноци, направени се работни групи, дискутирани се голем број од работите кои што вие ги истакнавте, се разбира дека секогаш постојат спротивставени мислења. И можеби има толкување на одредени одредби на овој или на оној начин. Меѓутоа, моменталниот Предлог закон кој што е доставен до пратениците е неколку пати разгледуван во рамките на стручните комисии и во Владата и донесен е пред пратениците во верзија која што ние сметаме дека е прифатлива за најголемиот број на чинители. Секогаш може да има опозиција која што смета дека одредени толкувања можат да бидат спротивни. Делот на вашите амандмани, кои што вие ги имате со право можеби поднесено поточно се однесуваат најголемиот број на преводот на дефинициите кои што се употребени во Законот односно кои што се вметнати во овој Предлог на закон  и тоа што веројатно вие сте успеале да направите на некој од нив посоодветен превод, ние сме спремни како Влада да излеземе во пресрет и да ги прифатиме и на тој начин да излеземе во пресрет на подобар политички дијалог, меѓутоа и ваш директен придонес во подоготовката на овој закон. Не би можел да се сложам со многу констатации кои што беа кажани дека со ова ќе се  направи голема штета заради тоа што ние сметаме дека оваа промена ќе направи подобрување. И сите видови на измени кои што се предлагаат се дополнително усогласени со ирелевантни агенции. Ние за тоа имаме документација, имаме мислење, Владата не праќа закони кои што не се доволно исфилтрирани или кои би можеле да направат евентуални дополнителни проблеми. Се разбира, на конечно дискусијата во Парламентот се води во насока да се подобрат некои од тие решенија, меѓутоа, ние со овој закон веќе доцниме. Тој се подготвуваше долго време и веруваме дека овој предлог кој што е даден е подготвен од стручни лица, кои ја знаат оваа проблематика и сметам дека нема причина Парламентот да го одлага  неговото донесување или пак да се отвораат разни видови на дискусии кои можат едноставно да наштетат на еден закон кој е конструктивен и практично би бил во интерес на сите граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Никола Ќуркчиев, претпоставувам реплика, повелете вашите три минути.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, на почетокот се оградив и реков моето скромно познавање а и времето ми дозволија да дадам онолку колку што можев. Длабоко ценам доколку сите амандмани кои што се предложени од моја страна се разгледани и дел прифатени и тоа ме радува. Меѓутоа, во заеднички интерес, значи во интерес на граѓаните на Република Македонија спомнав некои работи кои ценев дека предлагачот ке мора да ги корегира или да ги негира. Не може министерот за здравство и диркторот на Дирекцијата да потпишат документ со кој Република Македонија ќе ја направат земја на радиоактивен отпад. Кажете дека тоа не е точно, да го знае македонската јавност, меѓутоа, јас ви тврдам дека е така. Цитирам: "за радиоактивни извори на кои им се забранува увоз од страна на инспекторите, наши инспектори, македонски за јонизирачко зрачење, а увозникот, значи тој што ги увезува достави писмено барање и докази до сите служби дека не може да ја врати, значи радиоактивниот одпад не може да го врати во земјата извозник, истите ќе се складираат во Република Македонија во националното складиште". Ве молам, можно е ова да го потпише некој? Кажете ми дека не е така. Тоа е првата работа што сакав да ја кажам.

Да не објаснувам многу, директорот на дирекцијата, на седницата на Комисијата за транспорт и врски која е работно тело на ова Собрание, знаете што кажа? Оние што се стручни го разбраа. Дека Република Македонија произведува радиоактивен отпад. Ние имаме нуклеарен реактор? Знаете ли во која земја не сврстува, на кое место? Па, тоа да го слушнат, илјада инспекции ќе дојдат утре во Република Македонија. Тоа го зборува дирკторот на Комисијата за транспорт и врки. Ве молам, вели Република Македонија не прави разлика што значи склопување, што значи производство итн. Тука мора да се внимава во тој дел и затоа јас зборував за одредбите каде што се регулира работењето и на Комисијата и на дирекцијата и се разбира, се надевам дека правилно ќе бидат разбран. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине заменик министер со вашата контра реплика.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Пратеник Ќуркчиев, јас не знам што потпишал министерот или директорот, меѓутоа, денес не дискутираме за тоа. Денес дискутираме за закон, Предлог на закон и потписот на министерот на одреден документ нема никаква врска со ова денес што се дискутира. Тоа е суштината, министерот точно знае што потпишува и сноси одговорност за тоа.

Исто така, не знам за какви непознавања или дека директорот дал изјава во делот на тоа дека Македонија произведува радиоактивен отпад, секој си е одговорен за изјавите кои што си ги дал. Ние денес дискутираме за Предлог на закон кој има потреба да ги регулира овие недостатоци во оваа област во Република Македонија. За тоа денес дискутираме и се согласувам, има некои дефиниции кои се подобро преведени, а Предлог амандманите кои вие ги давате ние сме спремни да ги прифатиме. Меѓутоа, законот е подготвен

со наши ескперти кои најдобро можеле тоа да го напрват. Дискусија секогаш може да има.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Би сакала да кажам неколку збора за потребата од изменување и дополнување на Законот за јонизирачко зрачење. Се работи за исклучително чувствителна материја која можеби ќе ја прочитаат неколку мина кои се стручни и рботат со ова, меѓутоа, од аспект на било каква грешка во оваа сфера последиците би биле многу широки и многу фатални. Јас не сум стручна во делот на јонизирачкото зрачење, стручњаците сигурно го кажале својот збор, дале свои предлози и свои видувања врз основа на кои е изграден и се темелат дополнувањата на овој закон, меѓутоа, би сакала неколку свои видувања и аспекти да кажам, доколку можам да помогнам за подобро решение од правен аспект. Јас сакам да имаме закон кој ќе биде цврст, со стегнати одредби без можност за било какви пропусти и грешки. Ги почитувам размислувањата на сите колеги, мислам дека нивното уважување ќе придонесе за подобар закон.

Кај мене се јави една дилема по две прашања. Претходно да кажам дека измените се прилично бројни и можеби предлагачот требаше да се одлучи за нов закон, бидејќи вака бројни измени навистина ќе бидат од практична гледна точка за примена на Законот многу потешки за користење и оставање на одредени празнини. И во претходниот текст на законот имаше некои дури несфатливи решенија, толку осакатени што не знам како воопшто можеа да се применуваат, особено околу тоа дека дирктoрот одговара пред Владата, а претходно да не се каже ни кој го избира, ни на чиј предлог. Значи имаше такви да не речам сакати решенија во претходниот текст и потребата да се изменат е речиси ургентна.

Сега би сакала околу Комисијата да кажам нешто. Во измените кои се предлагаат се набројуваат субјектите, а тоа се поголем дел на ресорни министерства кои имаат некакви ингеренции во оваа сфера, да дадат свои претставници во оваа Комисија, меѓутоа, која според предложените решенија според мене ќе има советодавна улога, па според тоа претпоставувам дека треба да бидат стручни луѓе од оваа област, меѓутоа, за тоа ништо не е кажано во предлогот.

Исто така ништо не е кажано колкава е таа Комисија, колкав број на членови, од кое ниво, со која стручност. Јас, простете, меѓутоа, можно е, со оглед на состојбите и политизациите во нашата држава да ни се случи, да ни се протнат луѓе кои што ниту ќе бидат стручни ниту ќе можат да дадат допринос во оваа Комисија и очекува во најмала рака многу прецизно и точно да се предвиди во законот која е бројката на претставници од ресорните министерства што учествуваат во таа Комсиија, исто така и од Царинската управа и од Секторот за спасување и Дирекцијата за управување со кризи. Меѓутоа, точно да биде ставен бројот на членови на таа Комисија, нивната стручност и нивото кое треба да го имаат за да може до крај да си ја исполни улогата, бидејќи тоа ќе биде советодавното тело што ќе му помага на директорот на Дирекцијата, од стручен аспект ќе дава свои мислења и размислувања во оваа сфера и во примена на одредбите на овој закон и претпоставувам и во изготувањето на подзаконските акти кои се бројно предвидени со овој закон и тоа е невообичаено бидејќи голем број подзаконски акти во пракса значи девалвирање на законските одредби.

Тоа е еден дел и кој мислам дека многу попрецизно требаше да се уреди и да размисли предлагачот за во иднина како тоа да се уреди, околу претставници на Комисијата.

Друго прашање кое кај мене појави една дилема се измените кои се однесуваат и на неусогласеност, барем јас така ги видов на одредени членови, тоа се последните членови, 46.

Прво, вака, во членот 4 со кој се менува членот 3 е предидено дека, во точката 3, за издавање дозволи, се внесува, се дополнува овој член, се менува, “издава и одзема дозволи за вршење на дејност”, е сега, издавањето на дозволи и одземањето за вршење на ваква дејност, исто така во членот 48 вели дека постапката за издавање на овие дозволи кои што се отпочнати пред денот на влегување во сила на овој закон ќе се заврши согласно овој, неизменетиов закон.

Додека погоре во членот 47 вели дека треба да престанат да важат во рок од три месеци решенијата за овластување издадени на правни физички лица за отпочнување со работа, кој ги издава дирекцијата. Кога се издава таа дозвола треба да се донесе подзаконски акт со кој треба да се пропише формата, содржината на образецот и т.н. за издавање на таквата дозвола. Рокот кој е предвиден во предлогот за измени и дополнувања за донесување на подзаконските акти е една година. И, сега се поставува прашање дали ќе ви се јават дозволи кои што за едни субјекти ќе бидат издадени по стариот закон, па ќе се јави еден период до донесување, претпоставувам, до крајниот рок од една година, да се пропише тој образец, па ќе се јави еден вакум период според кој обрасци ќе се издава, ќе имаме непропишани обрасци според кој ќе се издава дозволата и потоа ќе имаме еден друг бран на дозволи кои што ќе бидат по новите измени и дополнуваеа односно по новиот образец кој претпоставувам, директорот, така е пропишано во законот, директорот веќе ги има подготвено и изготвено и дека ќе ги донесе побрзо, меѓутоа во законот се вели за една година.

Дали ќе ни се јават различности околу примената на овие одредби односно ќе ни се јават да речам дозволи издадени под различни услови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господин заменик министер барате реплика или збор.

**Владимир Лазаревиќ:** Да, кратка реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Кратка реплика, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Повторно благодарам за придонесот кој што го даде пратеничката, меѓутоа би сакал само да појаснам да не настене некоја забуна во делот на Комисијата за радијациона сигурнсот која што неколку пати денеска беше напомената. Точно се дефинира што е улогата на Комисијата за радијациона сигурност и кои се претставниците, поточно кои институции, јас би сакал само тој дел да го прочитам. Дирекцијата формира Комисија за радијациона сигурност како советодавно тело за определени прашања од областа на заштита од јонизирачко зрачење и изготвување на предлози и решенија од нивна надлежност. Комисијата да ја сочинуваат претставници од Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за надворешни работи како и претставници од редот на научните и стручните институции и организации од областа на јонизирачкото зрачење. Што значи, се разбира дека во оваа комисија ќе членуваат луѓе кои се разбираат во оваа проблематика. Тоа е исклучително битно и одговорноста си ја преземаат надлежните министерства за кандидатите односно претставниците кои што ќе бидат вклучени директно во оваа Комисија која што ќе биде советодавно тело за определени прашања.

Сметам дека со Предлог законот доволно прецизно се прецизираат овие членови на Комисијата. Понатаму, другата одговорност ја преземаат институциите кои што се напоменати, меѓутоа го разбирам вашиот коментар, но мислам дека доволно е добро дефинирано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате минута за контра реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, јас токму и тоа кажав дека јас не спорам дека е советодавна улогата на Комисијата, меѓутоа, простете, јас сум правник и во правниот вокабулар се разбира не е термин кој се корисни, туку во правниот вокабулар се има прецизни и јасни одредби за да не отвориме врата да некој неодговорни претставници на министерства ни предложат во оваа Комисија луѓе кои ниту се стручни, ниту пак можат да дадат некаков допринос за да биде советодавно тело на директорот по одредени прашања.

Токму од овој аспект јас барав и сеуште барам да има малку попрецизна и постегната формулација, затоа што грешките овде може да бидат фатални. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Сакам и јас да земам збор, да искажам едно мое видување околу Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, најнапред би сакал да искажам едно мое негодување бидејќи на седницата на Комисијата за транспорт и врски и животна средина присуствуваше државниот секретар во Министерството за здравство господинот Киро Салвани и директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност господинот Румен Стаменов кој што на дел од забелешките кои што беа искажани од страна на членовите на Комисијата рекоа дека ќе ги разгледаат и дека ќе не известат за сето тоа. Меѓутоа од сето тоа нема ништо. Мислам дека нивниот однос, на Комисијата за транспорт и врски и животна средина беше само една цел колку да се помине на работното тело овој закон и да се стави капа врз сето тоа.

Почитуван господин заменик министер не сакав да ви реплицирам на дел од вашето излагање бидејќи ќе се јавев за збор и ќе имав можност на дел од вашите искажувања и на предложениот закон на измените и дополнувањата на Законот за заштита од јонозирачко зрачење и радијациона сигурност да дадам некои свои видувања и истите тие да ги внесеме во Предлогот на законот ако може така да се каже.

Сметам дека и забелешките кои што беа дадени од страна на нас пратениците на работното тело, а и забелешките кои што ги наведоа претходните дискутанти, сметав дека овој закон ќе беше даден на доработка и овој закон ќе беше повлечен денеска од собраниска процедура. Тоа е ваше мислење дали вие ќе го повлечете или не, меѓутоа овој закон вака предложен, создава хаос во Република Македонија, да не кажам дека, да не ја злоупотребуваме собраниската говорница, меѓутоа може да внесе доста паника во Република Македонија.

Најнапред дефинициите кои што се дадени со регулативата на Еуроатом не соодвествуваат со соодветниот превод кој што ни е даден во текстот. Меѓутоа, директорот на Агенцијата за радијациона сигурност спомна на Комисијата дека работеле стручни лица, дека биле во консултации во меѓународната агенција, на обука во меѓународната агенција за атомска енергија во Виена и дека им дале некое си позитивно мислење, што за мене е многу дискутабилно. На крајот на краиштата самиот државен секретар за здравство дека ги немаат преводите на директивите на македонски јазик. Зошто? Ако директивите ги имавме и ние пратениците преведени немаше да има ниту дилема ниту пак

ќе имаше некои недоразбирања и во амандманите кои што се пондсени од страна на пратениците, ниту пак ќе имаше забуни на работното тело и сите овие забелешки кои што произлегоа околу дефинициите и правилната поставеност на дефинициите за радијациона сигурност и јонизирачко зрачење ќе беа прифатени од страна на владиното мнозинство и од страна на парламентарното мнозинство.

Почитуван господин заменик министер, јас би почнал од нестручноста на луѓето кои што ја водат агенцијата за радијациона сигурност: дипломиран доктор по ветерина без ни еден час работно искуство околу јонизирачко зрачење и радијациона сигурност да го пуштите на работно тело да го брани законот беше и жално и смешно. Да ни каже дека има завршено неколку курсеви, а од неговата биографија се гледа дека не се курсеви, ниту за јонизирачко зрачење, ниту за радијациона сигурност и мислев дека после таа седница на Комисијата господинот Румен Стаменов ќе бешер азрешен од страна на Владата, меѓутоа до ден денеска човекот е уште директор на Агенцијата за радијациона сигурност.

Ќе ви кажам некои негови изјави од Комисијата, Ќе го цитирам, директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност на седницата на Комисијата изјави дека “на почетокот на изготвувањето на законот во Меѓународната агенција за атомска енергија во Виена на консултации беа испратени две стручни лица од Дирекцијата и тоа  еден физичар и еден правник”. Вистината е таа, дека во Виена се испратени две лица едниот е физичар, едниот е правник, но приправници со по три месеци работен стаж. Ако сметаме дека со три месеци работен стаж може да обучат луѓе и тоа еден правник и еден физичар за да бидат експерти и да носат закон за радијациона сигурност и јонизирачко зрачење, мислам дека сте во заблуда.

За да се стане експерт и за да се научи нешто околу оваа проблематика и од Меѓународната агенција за атомска енергија и да се маѓионичари нема да можат тоа да го направат помалку од 5-6 години.

Директорот на Агенцијата на Комисијата изјави причина зошто е ставено во предложениот ен од нивна страна 22-а дека увозот на уклеарен отпад е забранет освен ако не е произведен во Република Македонија и дека на моето прашање дали во Република Македонија имаме производство на радиоактивни материи, одговорот на вашиот почитуван директор беше да во Македонија се произведуваат јавувачи за пожар. Што значи господин заменик министер.

Во Република Македонија се склопуваат јавувачи на пожар со употреба на полониум од увоз, а не се произведува. За да се каже дека се произведува ќе се свати дека радиоактивнио тполониум се произведува во Република Македонија, а за да се произведува во Република Македонија  ни треба нуклеарен реактор. Сонеговото неразбирање на проблематиката и давање на такви изјави секоја држава може да поднесе барање до Европската унија и до Меѓународната агенција за атомска енергија во Виена, во Македонија да ни дојдат меѓународни инспекции и мисии и да видат каде Република Македонија го крие нуклеарниот реактор. Замислете во таква ситуација Република Македонија ќе биде во истиот кош како што е Република Иран. Меѓутоа, тоа е стручноста на еден човек кој што ја води вашата Агенција за радијциона сигурност. За жал, таа Агенција треба да се грижи за здравјето на луѓето во Република Македонија, а такви нестручни и некомпетентни кадри кои што се дојдени само по партиски клуч водат витални државни институции во Република Македонија  и сметам дека е штета за сите нас, не е штета за човекот, не е штета за вас како Министерство, не е штета за Владата на Република Македонија, тукуштетата е за сите нас, за сите граѓани на Република Македонија.

Што се однесува до Предлогот на законот, на почетокот кажав дека не се согласувам со дефинициите и за тоа имаме дадено некои амандмани кои што според мое лично мислење сметам дека повеќето од нив треба да бидат прифатени бидејќи се работи на усогласување на постоечките директиви кои што го регулираат овој закон  во Европската унија. Меѓутоа, почитуван заменик министер и колешката Ристана Лалчевска се осврна на членот 5 во кој што директорот го именува и го разрешува Владата на Република Македонија. Од претходните мои искажувања и од претходните мои ставови сметам дека треба барем нешто да ставиме околу стручноста и компетентноста на луѓето кои што Владата ќе ги именува. Во членот 6 се прави еден нонсенс едно стручно и некомпетентно лице ќе формира комисија која што на седницата на работното тело на ова Собрание ќе каже дека ќе дадат од министерствата кои што се наведени во претходниот закон и сите тие луѓе ќе бидат само верифицирани односно решението за формирање на комисија ќе го потпише директорот на Агенцијата за радијациона сигурност.

Почитувани колеги Комисијата ја составуваат претставници од Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за образование и наука, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за надворешни работи како и претставници  од редот на научните и стручните институции и организации од областа на јонизирачкото зрачење.

Тоа стои во постоечкиот закон, а сега во измените во ставот 3 се менува и гласи: “Комисијата на предлогот на органите на институциите од ствот 2 на овој член ја формира директорот на Дирекцијата”. Дали директорот е

тој најстручниот што ќе одлучи на предлог на наведените министерства, ќе одлучи како да ја формира Комисијата. Ние ако имаме толку стручни и компетентни луѓе во министерствата кои што ја знаат оваа проблематика, сметам дека прво, нема да има потреба од формирање на комисија, која што ќе му дава совет на директорот на Агенцијата за радијациона сигурност.

Второ, сметам дека оваа Комисија треба да постои, треба да биде составена од стручни и компетентни личности од јавно научните установи во Република Македонија. Бидејќи знаеме дека експерти за радијациона сигурност и јонизирачко зрачење се концентрирани само во две институции. Во Републичкиот завод за здравствена заштита и во Дирекцијата за радијациона сигурност. Доколку ги има, или пак, доколку сметате дека овие луѓе што биле на еднонеделен курс во Меѓинародната агенција за атомска енергија се стручни и компетентни да можат да се справат со пролематиката за јонизирачко зрачење и радијациона сигурност во Република Македонија. Меѓутоа, овие забелешки беа дадени на работно тело во кој што државниот секретар посочи дека овие наши забелешки ќе бидат нотирани и ќе бидат доставени до предлагачот на законот и се согласи дека најголем дел од овие наши забелешки ќе бидат прифатени.

Меѓутоа, како што кажав и на почетокот овие забелешки ниту разгледувани, ниту се прифатени, ниту пак некој имал време да реагира на сите овие забелешки, бидејќи сето ова што го кажуваме не е со политичка конотација, ниту пак смее да има политика, околу донесувањето на овој закон.

Понатаму, како што ни е предложен законот, во членот 6-б, овластени стручни и технички сервиси, задолжително треба да исполнуваат одредени услови, стручен кадар со соодветно средно и високо образование, во кои што кој е под вас и за вас стручен кадар за вршење на сервис. Дефинирајте го почитуван заменик министер. Секој може со високо и со средно образование да се смета за стручен во неговата област. Никаде не е дефинрано. Истото ви се провлекува. Понатаму, лабараторија акредитирана во Република Македонија, согласно прописите за акредитација. Колку лабаратории има Република Македонија за испитување на радијациона сигурност и јонизирачко зрачење? Една. Републички завод за здравствена заштита. Меѓутоа, со овој закон вака предложен ќе овозможите и други институции кои што ќе бидат регистрирани според овој закон, а овој закон предвидува дека само директорот, дипломираниот доктор по ветерина може да дава и смее да дава одобрение за луѓето кои што ќе ги вршат сите овие работи. Тоа ќе доведе до хаос и сето тоа ќе доведе до една алармантна состојба во Република Македонија која што нема да знаат луѓето дали се радијационо сигурни заштитени, или не се. истото се однесува и за член 6-ѓ, каде што правното лице ќе врши деконтаминација, задолжително треба да биде стручен кадар со соодветно средно и високо образование и работно искуство, оспособен за спроведување на мерки за деконтаминација. Па вашиот директор кажа на Комисијата, дека бил на 4 курса за јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и дека е експерт во оваа област. Тоа го кажа на Комисијата. Јас не сум знаел и верувајте не знам, а сум бил директор на една таква установа која што имаше една мала допирна точка со радијационата сигурност и јонизирачкото зрачење и сметам дека една негова таква нестручност ќе придонесе за уште поголем хаос во Република Македонија.

Во предлогот кој што ни е даден во членот 15 вели точка 9, треба да се брише, а точката 9 почитувани колеги пратеници од постоечкиот закон стои: прецизно определување на должностие и одговорностите на сите што работат со извори на јонизирачко зрачење. Определување на одговорно стручно лице за заштита од јонизирачко зрачење. Соодветна контрола на влезот на поститетелите во контролираните подрачја. Односно, соодветна придружба на посетителите на контролираните подрачја од страна на лицата кои имаат потребно знаење од областа на заштитата и сигурносните мерки на тоа подрачје и кои можат да обезбедат соодветни информации и упатства на посетителите кои можат да влијаат на нивните активности, систем на ефикасно информирање за состојбите и настаните од интерес за заштитата и сугурноста. Зошто да се брише кога со една точка е дефинирано кои се надлежности и кои се целите на овој закон. Меѓутоа, исто како што е почнат овој закон, така и ќе заврши, со низа пропусти и низа недоследности, кои што ќе треба да бидат на штета на сите нас.

Почитувани колеги, што ќе се случи ако радиоактивен отпад увезен од страна на некое лице, не мора ни да биде увозник, може да биде само транспортиран и да дојде да го остави некој пред самата граница на Република Македонија. Што ќе правиме? Дали е регулирано ова со некој член од законот, туку со спогодбата е уредено дека ако нема каде да се врати, Република Македонија ќе го складира отпадот во национално складиште, или во друг привремен склад, со одобрение на Дирекцијата за радијациона сигурност, потпишана помеѓу министерот и директорот на Агенцијата за радијациона сигурност.

Дали почитуван господин заменик министер, Република Македонија има складиште за радиоактивен отпад. Јавно ве прашува и јавно да кажете на македонската јавност. Има или нема. Почитуван господин заменик министре, работата со оваа Агенција за радијациона сигурност е сериозна. Активностите кои се превземени од страна на инспекторите во Агенцијата за радијациона сигурност можат да створат хаос во Република Македонија. Имате акција за остранување на истрошените громобрански

глави. Каде ги складирате и дали се заштитени спрема прописите на Меѓународната агенција за атомска енергија. Затоа почитуван заменик министер, требаше оваа работа да ја сфатите малку посериозно, требаше во оваа проблематика да бидат вклучени лица кои ја знаат проблематиката, лица кои се компетентни и стручни без разлика на нивната партиска припадност да бидат вклучени во активностите на Агенцијата за радијациона сигурност. Меѓутоа, ако немате такви луѓе, има луѓе надвор од Република Македонија, ангажирајте странски експерти, кои што ќе го подобрат законот и кој што закон ќе биде усогласен со европската легислатива и со стандардите на Меѓународната агенција за атомска енергија.

На крајот, во еден закон кој што ни е предложен тука пред Собранието на Република Македонија во членот 50, затоа, ја задолжувате и ја овластувате Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Тука ќе завршам и тоа е една причина во која што самите, ова е прв пат да видам закон во кој што ќе стои член, каде што ќе се задолжи Законодавно-правна комисија да го пречисти текстот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Марија Андоновска, има процедурално, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е до вас. Апелирам до вас во иднина да интервенирате на време кога од оваа говорница ќе се изнесуваат невистини и клевети за личности кои не се присутни овде, во случајот, директорот за радијациона сигурност. Ценам дека почитуваникот колега Серафимов, ги извртува тезите изнесени од Комисијата за транспорт и врски, а за тоа има и соодветни записи, кои може да се проверат, и создава една погрешна слика пред македонската јавност. Ве молам, во иднина интервенирајте. А воедно, искажа и други невистини за таа личност.

Господине Серафимов, не се работи за 4 курса, туку се работи за 4 семестра, а тоа се две години. Колку за ваша информација има повеќе инспекциски увиди кои ја контролираат работата на надлежните во таа институција итн.

Затоа ве молам, претседателе, уште еднаш апелирам до вас да интервенирате кога се кажуваат вакви страшни невиситни од оваа говорница. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ќе ја земам сериозно вашата забелешка. Сега има збор господинот заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Јас исто така би сакал да му се заблагодарам на пратеникот Серафимов за неговото излагање и придонес, меѓутоа, се разбира, дека има делови заради кои што не можам да се согласам со некои од коментарите. Тие беа фокусирани во два дела. Пред се, беше напад на директорот на Агенцијата, поточно Дирекцијата, и неговите ставови кои што беа излагани за време на Комисијата. Тоа не е предмет на расправа на денешната дискусија каде што разговараме за Предлог на закон, кој што е доставен до пратениците и кој што може да се дискутира. Ние не можеме денеска да дискутираме за личност која што разговарала на одредена Комисија и која што не можам јас сега да потврдам дали сето тоа што го кажа е така или не е така. Она што можам да го кажам, а кое што беше денеска изнесено тука и е невистина дека во овој закон учествуваа и домашни експерти, меѓутоа беа консултирани и странски експерти, кои што беа испратени од страна на Меѓународната атомска агенција и претстојуваа во Република Македонија во рок од една недела. Јас можам да ви ги дадам и нивните имиња, ако точно ве интересира кои се, па можете и директно да влезете со нив во контакт, за да се уверите дека овие законски предлози кои што се дадени од страна на Владата се издржани, се хармонизирани со европското законодавство и практично се по препорака на Меѓународата атомска агенција, која што е базирана во Виена, поточно во нивната правна служба. Она што можам да го прифатам како критика и ние ќе го прифатиме за време на амандманската расправа е дека дел од дефинициите што вие како пратеници ги предложивте, се подобро дефинирани отколку што тие се направени во нашиот предлог на закон. Затоа сметам дека тука можеме да најдеме заеднички компромис и решение, да изнајдеме решение кое ќе биде во интерес на сите. Значи, повторно да потенцирам дека денеска дискутираме за Предлог на закон кој што е изработен од домашни и странски експерти и кој што соодветствува со препораките на европската регулатива. Верувам дека вашите амандмани што ги предложивте ќе дадат дополнителен придонес овој закон да ја добие конечната форма што ја заслужува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, господине Серафимов, вашата контрареплика од една минута.

**Влатко Серафимов:** Би сакал, бидејќи колешката Марија Андоновска ме спомна околу работното тело на ова Собрание, сакам да ви кажам една работа. Прво, не била присутна на тоа работно тело, не знае што зборувал ниту господинот Киро Салвани, ниту директорот, толку омилуваниот од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, земете ги стенографските белешки, ќе видите што е зборувано и дали нешто имам искриено од сето тоа, кое што го има спомнато дотичниот директор. Меѓутоа, тоа нека служи на чесноста и компетентноста на неговата стручност.

Почитуван заменик министер, мојата дискусија беше за подобрување, меѓутоа нашите забелешки ги дадовме амандмански. Околу амандманите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Влатко Серафимов:** Да се доискажам ако може.

**Љубиша Георгиевски:** Имате една минута. Повелете уште 10 секунди. Знаете дека една минута е контрареплика.

**Влатко Серафимов:** Ако имав пред министерот, требаше досега да ми дозволите процедурално да се обратам, бидејќи бев спомнат. Меѓутоа не е проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Не побаравте, жалам, ќе ви дозволев.

**Влатко Серафимов:** Како не побарав. Меѓутоа, не е проблем, ќе се вклучам повторно во расправа. Има време, ќе расправаме.

**Љубиша Георгиевски:** Има широка амандманска расправа од 35 амандмани, така да сите ќе имаме шанси да се приклучиме на таа дискусија.

Госпоѓа Марија Андоновска, повелете процедурално.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Бидејќи бев спомната од колегата. Да почитуван колега, токму тоа го говорев. Нема потреба од изнесување на невистини, затоа што постојат записи од Комисијата за транспорт и врски кои што се достапни до сите нас. Не мора да бидам присутна на Комисијата за да знам. Постојат записи колега, знаете и вие подобро од мене. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Серафимов, процедурално.

**Влатко Серафимов:** Сметам дека во интерес на вистината најкопетентни ќе бидат стенографските белешки од Комисијата. Нека им се достават на пратениците да видат кој ја искривува вистината. Дали јас, дали нивните преведувачи, односно толкувачи од Комисијата. Зошто не се јави некој од Комисијата кој што беше присутен да потврди дали е тоа вистина или не е. Дали тоа не го кажал директорот на Дирекцијата за радијацона сигурност, или не го кажал. За тоа што на таа Комисија беа присутни и пратеници од ВМРО-ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, сега ве молам, бидејќи и онака не е денес материјална расправа за квалитетот, неквалитетот или другите елементи на тој господин кој зборувал на Комисијата, а денес нашиот интерес е имаме материјална распава отворено околу Законот, ве молам, најдобар начин да се вратиме на материјалната расправа за Законот да одиме понатаму со луѓето кои побараа збор. Сега има збор господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Мислам дека се отвори денеска многу интересна расправа околу овој закон и јас сум сигурен дека има добри сугестии да се подобри текстот на законот.

Јас само сакам да укажам на една работа која повеќе пати сите ние ја кажуваме дека овие закони кои што прв пат доаѓаат во парламентарна расправа, или прв пат се регулираат одредени прашања, сепак, можеби е подобро да одат овие законски проекти во две фази, во меѓувреме да можат да дадат свој придонес и експертите.

Значи никогаш не е на одмет, до колку има шанса експертите да дадат свое мислење, тоа мислење да биде вградено. Врз основа на оваа расправа што до сега ја имаше од неколку пратеници, тие тврдат дека имаат добри амандмани кои ќе бидат во функција на подобрување на текстот, можеби е добро во таа насока да се движи и расправата, а Владата, односно предлагачот, министерот или заменикот министер, сепак, врз основа на оваа расправа да проценат дали можеме преку прифаќање на амандмани да го подобриме текстот на овој закон и тој да оди во една фаза, или ако има проценка дека не може да се корегира се преку амандманската расправа, тогаш да го донесеме овој закон во две фази. Тоа е мојата сугестија околу овој законски проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот заменик минстер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе.

Во контекст на дискусијата на господинот Павле Трајанов сакам да укажам, да подготвени сме да прифатиме дел од амандманите, поголем дел од амандманите и верувам дека тие ќе бидат во интерес на подобрување на текстот на законот, но сакаме законот да оди во една фаза затоа што прво имаме обврски и сметаме дека до сега се вклучени високи експерти во изработка на овој закон,а развлекувањето на законот во две фази во делот на стручноста нема да направи некој значителен придонес, туку амандманската расправа вистински може да помогне во таа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, колеги пратеници, сакам само кратко да се јавам за збор во однос на овој закон кој што беше разгледуван на работното тело, односно Комисијата за транспорт и врски и сакам да потенцирам една работа. Имено, во однос на Предлогот за донесување на овој закон Комисијата едногласно ја утврди потребата за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Ова сакав да го потенцирам заради точно информирање за работата на ова работно тело. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Ги повикувам сите пратеници кои се во Парламентот, а не се влезени во салата да повелат да влезат во салата, зошто не очекува гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Објавувам 10 минути пауза за да се организираме.

(Пауза од 13,19 до 13,31 часот).

Бидејќи голем дел од пратениците се на ворк шоп, објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат бидејќи треба да пристапиме кон усвојување на заклучокот:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

(Во салата нема кворум за гласање, а потпретседателот Иван Анастасовски повеќе пати ги повикува пратениците да влезат во салата и во 16,08 чаост се создаде кворум за гласање).

Би ги замолил службите да го утвдат точниот број на присутни пратеници во салата, а колегите пратеници да седнат на своите места.

Бидејќи во салата има 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 54, нема воздржани, 3 пратеника гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата вкупно гласале 55, за гласале 50 пратеници, нема воздржани, 5 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 7 за додавање нов став 4 по ставот 3 и на член 27 во новиот член 22-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов поднесоа амандмани на член 1 за менување на новиот став 2; за менување на член 2; член 3 за додавање нов став 4 по ставот 3; член 3 за менување на став 5; член 3 за менување на став 6; член 3 за додавање нов став 8 по ставот 7; член 3 за менување на точките 20,21,23,24,25,26,28,30,31,32,33,34,37,38 и 39 и на член 3 за додавање две нови точки 40 и 41 по точката 39, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Гоце Марковски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Ѓелова Стојанова, Веле Ѓорѓиевски, Трајко Вељаноски и Илија Китаноски поднесоа амандмани за додавање нов наслов и нов член 6-а по членот 6; за менување на член 7; член 8 на новиот член 6-а за менување на став 1; член 22 на новиот член 18-а став 2 и на член 37 на новиот член 26-д за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на новиот став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Овој амандман не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амндманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, со овој амандман цениме дека определени членови од директивата 96-29 од Евроатлан на Советот на Европската унија треба да биде прифатен заради тоа што цениме дека директно ќе се имплементира член 2 ставови 1,2 и 3 од директивата, која што е од 1996 година, за која што зборувавме, меѓутоа, која што пред се се однесува на извори на зрачење и дејности кои што ги има во Република Македонија. Пред се овде се работи за термоелектраните од зголемено присуство на ослободена пепел која содржи, природни би рекол радиоактивни елементи во зболемени концентрации и работи во рудници.

Мислам дека овде пред се се работи за Рударско енергетскиот комбинат Битола и мислам дека е неправедно. Сите знаеме дека пепелот е со висок процент на радиоактивност и мислам дека ако подобро го погледате овој амандман треба да биде прифатен од едноставна причина, што и членот 41 на директивата овозможува да во средини каде што е значително зголемена значително изложеноста на природни извори од радијација, секоја земја членка обезбедува идентификација на работните активност за кое ова може да се однесува по пат на истражување и тн.

Мислам дека секаде на оние места каде што имаме минерални извори, пештери, рудници, подземни работни места и надземни работни

места во идентификуваните средини, треба да имаме уредба во законот со која што овие природни радиоактивни елементи за работа во фабрики, за производства да речеме, на азотни, вештачки ѓубрива и тн. секаде каде што се користи како суровина би рекол, со зголемени природни концентрации е добро сето тоа да биде изрегулирано во законот. Токму од тие причини ценевме дека овој амандман треба да биде прифатен од страна на предлагачот.

За пилотите и луѓето кои што работат со авиони, ценев дека во некоја друга прилика, а доколку беше во втора фаза ќе можевме да зборуваме иако се разбира дека членот 52 бара заштита на екипажот во авионите и дека тие се изложени на радијации и дека таа не смее да биде поголема од 1 сидер годишно, меѓутоа еве оставам да предлагачот самиот оцени, иако мислам дека ќе беше добро да биде прифатен овој амандман, Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да истакнам дека со поднесувањето на овој амандман се предлага една состојба во која што ќе имаме регулација на радиоактивниот, фисиониот или ферталниот материјал. Што значи тоа.

Ние знаеме дека денеска депонијата на РЕК Битола има зголемена радиоактивност.

Што се однесува исто така до ХИВ Велес. Дали можете да видите дека депонијата на ХИВ Велес е препознатлива од далеку и на самата депонија имаме истакнато табли кои што се забранети за движење на луѓето и живиот свет.

Во овој закон за изменување и дополнување на Законот за јонизирачко зрачење и радијациона сигурност не е регулирана оваа состојба и затоа со овој амандман сакаме да ги регулираме депониите на кои се создава или можно е да има зголемена радиоактивност добиена по вештачки пат.

Инаку, нашиот предлог целосно е усогласен со директивата 96-26 на Еуроатом, што сметам дека ќе се направи една дистинкција околу производството, околу работата и на термоелектраните и во догледно време ако проработи Хемиската индустрија во Велес ќе имаме еден регулиран систем на радиоактивност. Затоа сметам дека и до сега ова не беше регулирано со постојната законска регулатива, меѓутоа, ќе биде од големо значење и за Република Македонија и за самите термоелектрани, а и во иднина ако проработи Хемиската индустрија во Велес.

Затоа, предлагам овој амандман да биде прифатен, а нема ништо суштински да промени во постојното решение кое што го нуди Владата во измените и дополнувањата на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Затоа, апелирам до колегите пратеници да го разгледаат и прочитаат амандманот, да видат дека овој амандман ќе биде од корист и на самите инсталации и на граѓаните во Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за Предлогот гласале 10, нема воздржани, 47 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам.

Ние не можеме да го прифатиме членот 1-а, меѓутоа, може да се прифати членот 1-б и 1-в од овој амандман, што значи делумно амандманот може да биде прифатен ако е тоа изводливо.

**Иван Анастасовски:** Сега вие го прифаќате или не го прифаќате амандманот?

**Владимир Лазаревик:** Делумно го прифаќаме, не целиот амандман, значи член 1-а не го прифаќаме.

**Иван Анастасовски:** Значи оставате простор за некаков компромис, бидејќи вие говорите дека 1-б и 1-в го прифаќате, а 1-а не. Во тој случај испаѓа дека амандманот не е прифатен.

Ако може предлагачите да се согласат, повелете, има збор пратеник господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Се извинувам, но да не се работи за некакво недоразбирање. Во членот 1-а каде што се објаснува кои се целите на овој закон е буквално нешто што навистина не би можело да се одбие, дека се работи за користење на нуклеарна енергија и јонизирачко зрачење исклучиво за корисни и мирновременски цели. Со овој член почитуван заменик Република Македонија ќе се декларира и законски ќе уреди дека исклучиво ќе се залага за примена на нуклеарната енергија во мирољубиви цели. Не знам зошто не се прифаќа.

Инаку, било што да се прифати е подобро од она како што е предложено, се разбира.

**Иван Анастасовски:** Генерално претставникот на Владата тоа не го прифати, остави простор за компромис, меѓутоа, тој би бил во договор со вас како предлагачи. Значи сепак вие треба да дадете согласност за тоа.

Од она што го слушнав од вас колега Ќуркчиев, вие стоите на своите позиции да остане членот 1-а, ако не се лажам.

**Никола Ќуркчиев:** Јас мислам дека е добро претставникот на Владата да го прифати тој член.

**Иван Анастасовски:** Тогаш во целина ќе биде прифатен амандманот.

**Никола Ќуркчиев:** Не гледам причина зошто да не се прифати.

**Иван Анастасовски:** Немаме компромис, продолжуваме со расправа.

Продолжете ако имате понатаму за дискусија.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам, завршив.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете,

**Влатко Серафимов:** Благодарам потпретседателе.

Како што го разбрав заменик министерот, тој ги прифаќа членовите 1-б и 1-в, а не го прифаќа членот 1-а. Дали е така? (Да).

Јас мислам дека е многу побитно да се прифатеше членот 1-а одколку другите два члена, меѓутоа, тоа е тоа. Малку е невкусно, меѓутоа, би го прочитал членот 1-а кој што го предлагаме, за да го слушне позицијата и да видат за каков член се работи, бидејќи очигледно не им е од интерес ниту да слушаат, нема атмосфера за да се разговара. Инаку, ако ги прочитате сите директиви...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам да се сослушаме, а ве слушаат внимателно колега Влатко, дури дел гледам дека го читаат овој амандман, продолжете.

**Влатко Серафимов:** Ако го прочитаат тогаш ќе гласаат за. Ништо друго нема што повеќе да кажам, бидејќи во образложението стои дека сите овие работи кои што се наведени во членот 1-а се во согласност со главните цели на радијационата сигурност, дефинирани во преамбулата на базичните стандарди за радијациона сигурност и тоа се сите институции кои се занимаваат со радијациона сигурност. Мислам дека е жално Република Македонија да не биде усогласена во дел со овие институции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе.

Сакам само накратко да објаснам, ништо не е жално, ниту пак нешто суштинско. Би сакал да потенцирам дека во овој дел се вели овој член не се прифаќа поради тоа што експлицитно објаснува кои се целите на овој закон кои се веќе објаснети, а основната цел на овој закон е да воспостави соодветна контрола на јонизирачкото зрачење и во Република Македонија и да обезбеди заштита на населението и животната средина. Ова ја менува суштината која законот практично веќе ја издефинирал и која цел ја носи. Никаква пречка нема да ги прифатиме членовите 1-б и 1-в, ништо нема да се промени, ниту има некој некаква намера да се користи нуклеарната енергија во некои други цели.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе.

Би дал само краток коментар во однос на целиот амандман. За мене подискутабилни се членовите 1Б и 1В, сега кога би оделе да го образложуваме амандманот. Не гледам причина зошто не би се прифатил комплетно амадмамот заедно со 1-А, кога имаме само едно дополнително објаснување во однос на она што е во овој момент предложено во Предлогот за изменување и дополнување на Законот. Еве, ставката 2 каде што стои да дозволи користење на нуклеарната енергија и нејзина примена за корисни и мирно временски цели. Овој став само целосно се дообјаснува, на некој начин се доопрецизира единствено може само квалитативно да се подобри текстот на законот, да се дообјаснат некои работи кои се приврзани со законот.

Навистина не гледам причина зошто не би се прифатил амандманот во комплет. Факт е дека се прифаќа 1Б и 1В, јас ќе гласам и за 1-А, 1-Б и 1-В. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, јас само накусо и во врска со другите амандмани.

Поради тоа што претставникот на Владата најави дека околу 20-тина амандмани ќе бидат прифатени, мислам дека треба да бидеме поекспедитивни околу сите овие образложенија, дали ќе се прифатат или не, така да мислам дека треба да се движи побрзо целата процедура околу усвојувањето на овој закон, а сигурно дека бидејќи прв пат се носи ваков закон, бидејќи има забелешки, а имаше и добри дискусии, кои веројатно во некоја друга фаза овој закон ќе претрпи и одредени промени. Праксата ќе покаже дали некои решенија не се добри и не се функционални. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите пратеници кои излегоа од салата да се вратат и да пристапиме на гласањето.

Ги замолувам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги замолувам  уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме на гласањето.

Ги  молам колегите пратеници да седнат на своите места, а службите уште еднаш да достават точен број на пратеници кои се присутни во салата.

Ве молам колеги седнете на своите места за да можеме да го утврдиме точниот број на пратеници.

Ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме на гласањето.

Бидејќи во салата има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата гласале 52, за гласале 20, 2 се воздржале од гласање, 30 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:**  Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 4, по ставот 3, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:**  Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 5, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:**  Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 6, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа. Сакам само да напоменам дека овде станува збор за подобро дефинирање на одредени дефиниции кои што токму ги напоменаа колегите од опозицијата и во интерес на нивниот придонес ќе прифатиме поголем број на амандмани.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 8, по ставот 7, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:**  Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 20, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** И овој амандман се прифаќа, само едно образложение. Тука станува промена помеѓу професионална изложеност со зборот терминот работна. Амандманот е прифатен.

**Иван Анастасовски:**  Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 21, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:**  Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 23, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 55, за гласале 7, 3 се воздржале од гласање, 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмаот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 24, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 25, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 26, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Ќуркчиев Никола, повелете.

Ова е точка 26, членот 3, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Се работи за амандман каде што се зборува за изложеноста односно дефинирање на процесот на изложување на човековиот организам и дејството на јонизирачкото зрачење. Едноставно иако можеше да се даде и поголема формулација од тоа што е дадено во нашиот формулар ценам дека треба да биде прифатен од едноставна причина што знаете голем број на, па дури и на пратеници, меѓутоа секој за граѓаните, ако јонизирачкото зрачење кое поминува низ некој материјал или човеков организам тој произведува позитивно и негативно наелектризирани јони во материјалот што значи го јонизира без разлика дали се работи за алфа, бета или гама зрачење или икс зрачење.

Почитуван заменик министер мислам дека ова едноставно претставува усогласување на дефиницијата со Меѓународната агенција за атомска енергија од Виена односно усогласување со дефиницијата во директивата 96-29, меѓутоа, еве не знам, зошто кога се прецизира овој термин изложеност или изложување мислам дека нема никаква причина да не биде прифатен овој амандман. Ама добро. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 8, двајца се воздржале од гласање, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 28, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 30, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 31, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 32, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 33, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифатќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 34, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 37, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 38, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам на гласање.

Вкупно гласале 53 пратеници, за гласале 10, 3 се воздржани, 40 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 39, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претрсот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 10. 3 се воздржале, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање две нови точки 40 и 41, по точката 39, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Сакам да кажам дека овој е еден од последните амандмани кој што е поднесен од наша страна. Сакам да искажам благодараност кон заменик министерот, кој што имаше разбирање да прифати дел од амандманите, кои што беа поднесени од наша страна. Сигурно дека овие амандмани кои што се прифатени, ќе го подобрат постоечкото решение на текстот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и во име на предлагачите овој амандман го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворм претрес по амандманот за додавање нов наслов и нов член 6-а по членот 6 поднесен од пратениците Гоце Марковски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Гелова-Стојанова, Веле Георгиевски, Трајко Вељаноски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресо тпо амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 17 пратеници, 6 се воздржале, 35 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратениците Гоце Марковски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Гелова Стојанова, Веле Георгиевски, Трајко Вељаноски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор. (Никој)

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, за гласале 16 пратеници, 5 се воздржале од гласање, 34 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Никола Ќукрчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 на новиот член 6-а за менување на ставот 1, поднесен од пратениците Гоце Марковски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Гелова-Стојанова, Веле Георгиевски, Трајко Вељаноски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, за гласале 17 пратеници, 5 се воздржале, 31 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 на новиот член 6-а за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот се прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 на новиот член 6-д за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот се прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 на новиот член 18-а став 2 поднесен од пратениците Гоце Марковски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Гелова-Стојанова, Веле Георгиевски, Трајко Вељаноски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 12 пратеници, 8 се воздржале, 37 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2, поднесен од пратениците Гоце Марковски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Гелова Стојанова, Веле Георгиевски, Трајко Вељаноски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 14 пратеници, 4 се воздржале, 41 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 на новиот член 22-а, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, нависитна ако сите закони вака ги носиме ќе биде во ред, меѓутоа, би ги замолил сите колеги пратеници само за минута или две внимание, заради тоа што се работи за еден навистина, сериозен член и повторно збунувачки од страна на предлагачот на законот, зоштоне се прифаќа.

Имено, Владата на Република Македонија предлага член во кој што се вели: “увозот на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад на територијата на Република Македонија е забранет, освен, не знам дали заменик министерот ме следи, меѓутоа, ве молам колеги многу е важен амандманот, значи увозот на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад на територијата на Република Македонија е забранет, освен ако се однесува на радиактивни материјали кои што се произведени во Република Македонија”. Предлагаме амандман на овој член, во кој што велиме, да остане само реченицата: “увозот на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад на територија на Република Македонија е забранет”. Зошто го предлагаме ова? Не е јасно воопшто, зошто предлагачот вели дека или ја оставил формулацијата: “до колку се произведени во Република Македонија”, кога е познато дека Република Македонија не поседува ниту истражувачки центар, ниту енергетски реактор, ниту акцелератори за производство на вештачки изотопи. Навистина, оставањето на една ваква формулација носи голем ризик од увоз на нуклеарен отпад во Република Македонија. Од тие причини, ги замолувам сите колеги да го подржат овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Има збор колегата пратеник Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги сакам да дадам подршка на овој амандман, затоа што постоечкото решение кое што ни е дадено во членот 22-а, а во претходниот закон кој што сега подлежи на измени и дополнувања е член 27 и се однесува на увозот на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад на територијата на Република Македонија е забранет и со овој амандман предлагаме тука да се застане. Освен ако се однесува на радиоактивни материјали кои се произведени во Република Македонија. И во претпладневната сесија на денешното собрание односно на денешната собраниска расправа, спомнав дека во Република Македонија немаме

производство на радиоактивни материјали, или нуклеарен отпад.

Република Македонија не поседува ниту истражувачки ниту енергетски реактор. Сето тоа, дава за право некои одредени противпожарни аларми кои се склопуваат во Република Македонија да ни бидат вратени, како ние да се производители на тој радиоактивен отпад. Затоа предлагам до мнозинството во Парламентот да го прифати овој амандман, бидејки ако се гледа членот 22 и се се стави точка онаму што ние предлагаме, Република Македонија ќе нема никаква опасност да и се врати нуклеарен отпад, или радиоактивен отпад како да е производен во Република Македонија.

Затоа предлагам овој амандман да го поддржиме, се со цел да добиеме едно поквалитетно решение во законот за измените и дополнувањата во Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радициона сигурност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Има збор колегата пратеник Додовски Марјан, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе, би сакал да истакнам неколку работи. Најнапред во делот на прифатените амандмани. Би сакал да потенцирам дека амандманите кои беа прифатени во најголем дел се однесуваат на дополнување на овој дел од измените, значи кои се во насока на објаснување на одредени дефиниции, што претставува основа во секој закон, а ние имавме над десетина амандмани токму кои се однесуваат на овој член 3, што не беа прифатени, што на некој начин е недопустливо кога се поднесува одреден закон во самиот воведен дел на законот каде имате една огромна интервенција во делот на основните дефиниции, кои се предмет на третирање на одредена проблематика, токму во овој член 3.

Во таа насока е и самиот член 22-а кој ни е понуден. Ако добро се прочита и ако се разгледа се кажува увозот на радиоактивенотпад или нуклеарен отпад на територијата на Република Македонија е забранет, освен ако се однесува на радиоактивни материјали кои се произведени во Република Македонија. Ако добро го прочитате овој член, ќе видите голема нелогичност само во предложениот член. Значи, имаме целосна нелогичност во самиот предлог на овој член 22-а. Понатаму не би сакал воопшто да го коментирам во делот на предложениот амандман, во најмала рака дава одредено дообјаснување и многу е подобро да стои предложениот амандман отколку едно вакво целосно конфузно понудено решение во член 22-а. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Додовски.

Господине заменик министре дали сте за реплика или за збор? (За реплика), повелете.

**Владимр Лазаревик:** Само би сакал на кратко да дообјаснам, бидејки тука се шират некои дубиозни. Значи, работата е следна: Ние најавивме дека ќе купиме 5 систем во центарот односно во Институтот за патофизиологија, што ќе произведува радиактивни изотопи. Тоа е една од причините заради која овој член стои, е токму тој апарат што ќе биде набавен во текот на следната година. Значи, не станува збор за нешто друго. Ние го задржуваме правото дека во Република Македонија со инсталација на тој апарат и со ставање во функција како регионален центар ќе имаме производство на радиоактивни изотопи во медицински сврхи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господин заменик министер.

Контра реплика има господинот Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе, извинете, меѓутоа, репликата беше иста како и член 22-а, ништо повеќе. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Додовски.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Нашата дебата околу овој закон ќе ја завршиме многу поинаку, меѓутоа, почитуван заменик министер, ова навистина е една нова пракса и се надевам дека ќе продолжиме така во оваа насока.

Членот 22-а зборува за увоз на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад во Република Македонија. Вие така пишувате. Велите, освен ако се однесува на радиоактивни материјали произведени во Република Македонија. Вие мислите дека Република Македонија ќе биде цела. За која Република Македонија тогаш станува збор овде? Кога зборуваме за увоз на радиоактивен отпад, значи дека е забранет во Република Македонија. Освен велите ако се произведува во Македонија. Тој не е увезен тогаш. Нема логика предложениот амандман. И ве молам, прочитајте го и ќе видите дека е така. Инаку, вака оставате простор со ваква формулација некој да ја толкува утре поинаку, да имаме нависитна, висок ризик од увоз на нуклеарен отпад.

Значи зборуваме, велите увозот на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад на територија на Република Македонија е забранет. Вие велите како амандман во ред, точка. Велите, освен ако е произведен во Македонија. Тој ако е произведен во Македонија не е увезен. Значи, затоа вашиот амандман нема логика навистина. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Ропузова Каровска:** Благодарам почитуван потпретседателе, не мислев да се јавувам за збор, меѓутоа објаснувањето на заменик министерот навистина ми наметна една голема дилема.

Добро е што беа прифатени поголем број на амандмани и тоа веќе кажува дек аможеби работите се движат кон една нагорна линија околу почитувањето на мислењето на другиот, односно почитување на она што е поднесено како амандман, се со една единствена цел, да се подобри текстот на законот. Меѓутоа, ако веќе беа прифатени толкав број на амандмани, не ми е јасно што е спорно кај овој амандман за да не се прифати. Затоа што како  што и колегите истакнаа апсолутно е нелогичен вели: “увозот на радиоактивен отпад, или нуклеарен отпад на територијата на Република Македонија е забранет”. Значи, увозот е забранет и сега вели:”освен ако се однесува на радиоактивни материи, кои се произведени во Република Македонија”. Што ќе се случи? Радиоактивен отпад значи треба да се произведе овде, па по грешка да го извеземе надвор од границите, или не знам како, или можеби со некоја цел, не можам овде да го најдам објаснувањето и потоа, кога ќе увидиме дека сме го изнеле од Република Македонија да си го увеземе назад. Навистина, нема воопшто логика во целокупниот амандман. Се обидувам да го разберам заменикот министер, ќе сме имале апарат предвиден и не знам што и т.н. Е па тој апарат, кој што ќе произведува отпад, отпадот ќе биде тука. И едноставно, немаме потреба отпадот да го изнесеме надвор, па после да можеме да си го увеземе.

Знаете зошто е ова сомнително? Знаете зошто загрижува? Затоа што утре, другиден не знам што може да се случи, да се каже дека отпадот е произведен во Македонија, а се наоѓа некаде, да не споменувам други држави не сакам, немам пракса без потреба да споменувам имиња на други држави. Значи се наоѓа во некоја друга држава, а  произведен во Македонија. Па како дошол таму отпадот? Ве молам, навистина многу е сериозна работата. Остава простор за одредена злоупотреба да се увезе отпад под изговор на ова дека бил произведен во Македонија.

Затоа го замолувам заменикот минстер уште еднаш да се преиспита, да си ја преиспита одлуката, доколку не го прифати го замолувам парламентарното мнозинство  да го направи тоа зошто навистина вака како што е даден членот 22-а, е нелогичен односно погрешно дефиниран. Очекувам дека ќе се најде разбирање и повеќе не би должела. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Роза Топузова Каревска.

Има збор заменик минстерот за здравство.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам за коментарот.

Во интерес на една конструктивна атмосфера ќе го прифатиме и овој амандман и на тој начин практично, верувам дека ќе ги отстраниме сите евентуални дилеми или недоумици кои што можат да настанат во оваа насока. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине заменик министер.

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 35 на новиот член 26-б, поднесен од Законодавно-правна комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 на новиот член 26-д за менување на став 2, поднесен од пратениците Гоце Маркоски, Марија Андоновска, Јован Гинев, Соња Ѓелова-Стојанова, Веле Георгиевски, Трајко Вељановски, Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Амандманот е прифатен.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Преминуваме на претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да пристапиме со гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници)

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За законот гласале 65 пратеника, сите 65 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за земјоделско земјиште**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Пратениците Цветанака Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 21 став 2 и за менување на член 33 по кои Владата не се произнела.

Кон амандманите на пратениците Цветанака Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски се приклучија пратениците Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Пратеникот Лилјана Поповска, поднесе амандмани на член 21 за менување на став 2; член 22 став 2 алинеа 2; за менување на член 23; член 24 ставови 1 и 4 и за бришење на став 3 и за менување на член 29 по кои Владата не се произнела.

Пред да преминеме на амандманска расправа за збор се јави министерот за земјоделство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Последниот закон за земјоделско земјиште е донесен во текот на 1998 година, а изменет 1999 и 2004 година.

Искуството од досегашната примена на овој закон покажаа дека е потребно оделни прашања да се дорегулираат, како што е размената на земјоделското земјиште во државна сопственост со земјиште во приватна сопственост. Некои решенија да се пренаменат и да се променат во насока да се уреди располагањето со земјоделското земјиште, а во функција на окрупнување на обработливите земјоделски површини како и заштита на земјоделско земјиште како ограничен природен ресурс од неговото неконтролирано намалување со заострување на политиката на пренамена на земјоделското земјиште во градежно. Исто така, се предлага решение за подобро и потранспарентно управување со земјоделското земјиште во државна сопственост, односно решавање на прашањето на престанок на правото на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост и престанок на правата за користење на земјоделското земјиште од досегашните корисници кои не го регулирале понатамошниот начин на користење согласно член 62 од досегашниот закон за земјоделско земјиште. Утврдување на поблиски и јасни критериуми за давање на земјоделското земјиште во државна сопственост под закуп, се ограничува правото...

**Бесим Догани:** Господине минстре.

Јас мислев дека сакате процедурално да објасните нешто. Ова ќе го сочувате за кога ќе зборуваме по текстот на Предлогот на законот, бидејќи имаме амандманска расправа.

**Ацо Спасеноски:** Јас мислев како вовед да кажам.

**Бесим Догани:** Јас мислев како објаснување нешто ќе кажете.

Како и да е, ви благодарам.

Според договореното со пратеничките групи, амандманскиот претрес ќе го оставиме за утре.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,20 часот)